МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ТРАНСПОРТ АД
СКОПЈЕ

# У П А Т С Т В О
## ЖЕЛЕЗНИЧКО-ЦАРИНСКО УПАТСТВО ВО ВРСКА СО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТРАНСПОРТ

Се применува од 01.01.2006

СКОПЈЕ, Ноември 2007

**Со добивањето на одобрението од страна на Централната Управа на Царинската Управа на Република Македонија, за Поедностaвена транзитна пос-тапка при превоз на стоката со железница, ЈП "Македонски Железници" Скопје согласно уредбата за спроведување на Царинскиот Закон (службен весник на Р.М. број 66 од 08.08.2005 г.) во понатамошниот текст УСЦЗ, донесе упатство за спроведување на УСЦЗ.**

## *У П А Т С Т В О*

*Б-3 ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ТРАНСПОРТ*

*Б-3-1 ОПШТИ ОДРЕДБИ*

*1. Транзитната постапка при превоз на стоката со железница се извршува на поедноставен начин.*

*Поедноставувањето на формалностите се прави врз основа на железничкиот товарен лист-ЦИМ и е пропишано во членовите од 278 до 289 и 302 до 304 од Уредбата за спроведување на Царинскиот Закон (службен весник на Р.М. број 66 од 08.08.2005)-во понатамошниот текст УСЦЗ.*

*2. Поедноставената транзитна постапка при превозот на стоката со железница се извршува според следните услови:*

**Товарниот лист-ЦИМ има иста вредност како транзитна декларација (чл. 278 од УСЦЗ)*

**Секој вагон се смета како едно транспортно средство *Главен обврзник за транзитната постапка Ј.П. Македонски железници (чл. 278 од УСЦЗ)*

**Царински надзор на завршните транзитни постапки врши Секторот за контрола и истраги во рамките на Централната Управа на Царинската управа на Република Македонија врз основа на евиденцијата која се води во службата за контрола на приходи на Ј.П.Македонски Железници (чл.* 279 од УСЦЗ)

*Б-3-2 ТРАНЗИТ ШТО ЗАПОЧНУВА НАДВОР ОД ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ А ЗАВРШУВА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ (чл. 279 од УСЦЗ)*

*Б-3-2-1 ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА*

*3. Транзитната постапка започнува во појдовниот царински орган. Појдовен царински орган е царинска испостава на подрачје на кое што се наоѓа железничката станица, каде што пратката влегува во царинското подрачје. Железницата на појдовниот царински орган му поднесува елекронски запис од товарниот лист-ЦИМ*

(во "Модтрс") и сет од оригиналниот товарен лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3).
Железницата за потребите на царинскиот надзор ги доставува само податоците за стоката, односно во електронскиот запис ја внесува само тежината на стоката, ако тежината на товарниот прибор или тежината на контејнерот е посебно наведена во товарниот лист-ЦИМ.

Пример: Ако во товарниот лист - ЦИМ е наведено следното:

| **31** Знаци/Вид амбалаза/Вид на стока | 32 **RID** | 33 Царински тарифен број | 34 Маса kg. |
|---|---|---|---|
| **ХАРТИЈА**<br>**КОНТЕЈНЕР** | | **4804** | **19.000**<br>**4.000** |
| | | | **23.000** |

Тогаш, железницата за бруто тежина на стоката ќе внесе 19.000 кгр.

Појдовниот царински орган, по регистрирањето на елекронскиот запис во >>КОНТРОЛНИКОТ ЗА СТАВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА (К-1)<< во сетот листови од товарниот лист-ЦИМ, во горниот дел од полето 35, запишува забелешка: >>ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ/БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА/ДАТУМ/БРОЈ НА ЦИ<<, и истите ги заверува со округол печат.
Пример:

| 35-Царински белешки |
|---|
| **К-1/ 128 / 21.01.2006 / 4021** |

Заверениот сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3), се враќа на железницата.

Во случаеви кога пратката содржи стоки кои подлежат на плаќање акцизи (цигари, алхохол, нафта, бензин), железницата на појдовниот царински орган, покрај оригиналниот сет од товарниот лист ЦИМ (листови 1,2 и 3), му поднесува и една фотокопија од листот број 1.
Појдовниот царински орган истата ја заверува и ја задржува во својата архива.

## 1. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СТАНИЦИ ВО КОИ СЕ ИЗВРШУВААТ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ ВО ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ПРИ ПРЕВОЗ НА СТОКИ СО ЖЕЛЕЗНИЦА.

Железнички станици во кои се извршуваат царински постапки според својата намена и типот на царински постапки се делат во 2 (две) групи.

- **Гранични железнички станици** во кои се извршува транзитна постапка за стоките кои се превезуваат со железница, за транзит кој започнува надвор од царинското подрачје, во понатамошниот текст (ЦП), и завршува надвор од ЦП (транзит). Транзит кој започнува надвор од ЦП а завршува во ЦП (увоз). Транзит кој започнува во ЦП а завршува надвор од ЦП (извоз).

**Гранични железнички станицаи и соодветно одговорни царински испостави:**

| РЕДЕН БРОЈ | ЦАРИНСКА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА | ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА | БРОЈ НА Ц.И. |
|---|---|---|---|
| 1. | ТАБАНОВЦЕ | ТАБАНОВЦЕ | 2021 |
| 2. | ГЕВГЕЛИЈА | ГЕВГЕЛИЈА пат.промет | 4021 |
| 3. | ВОЛКОВО | ВОЛКОВО | 1040 |

- **Царински железнички станици** во кои се извршува царинска постапка за стоките кои се превезуваат со железница, за транзит кој започнува надвор од ЦП а завршува во ЦП, (увоз). Транзит кој започнува во ЦП а завршува надвор од ЦП (извоз). Транзит кој започнува надвор од ЦП а е наменет да заврши надвор од ЦП (транзит), а завршува во ЦП (реекспедиција за увоз). Транзит кој започнува надвор од ЦП а е наменет да заврши во ЦП, а завршува надвор од ЦП (реекспедиција за извоз).

Транзит кој започнува во ЦП и завршува во ЦП (реекспедиција за промена на царинска станица).

**Царинско железнички станици и соодветно одговорни царински испостави:**

| РЕДЕН БРОЈ | ЦАРИНСКА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА | ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА | БРОЈ НА Ц.И. |
|---|---|---|---|
| 1. | ТРУБАРЕВО РАНЖИРНА | ТРУБАРЕВО | 1030 |
| 2. | СКОПЈЕ ТОВАРНА | СКОПЈЕ | 1010 |
| 3. | КУМАНОВО | КУМАНОВО | 2010 |
| 4. | ВЕЛЕС | ВЕЛЕС | 3050 |
| 5. | ШТИП | ШТИП | 3010 |
| 6. | НЕГОТИНО ВАРДАРР | КАВАДАРЦИ | 4040 |
| 7. | ГЕВГЕЛИЈА | ГЕВГЕЛИЈА стоково царине. | 4020 |
| 8. | ШИВЕЦ | Слободна зона ФЕНИ | 4045 |
| 9. | ПРИЛЕП | ПРИЛЕП | 5030 |
| 10. | БИТОЛА | БИТОЛА | 5010 |

**ТРАНЗИТ ШТО ЗАПОЧНУВА НАДВОР ОД ЦП И ЗАВРШУВА ВО ЦП (чл. 287 од УСЦЗ) - УВОЗ**

## 2. ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА

После пристигнувањето на железничката композиција од соседна железничка управа во Граничната железничка станица, овластените железнички работници извршуваат комплетен **ТРАНСПОРНО-КОМЕРЦИЈАЛЕН ПРЕГЛЕД** на вагоните и контејнерите кои се во состав на железничката композиција, (царински, железнички и други пломби на вагоните и контејнерите), состојба на стоката на одреден тип на вагони, сравнување на товарните листови **ЦИМ** за вагоните и предајните листови ТР за контејнерите кои се во состав на железничката композиција.

Овластениот железнички работник на појдовниот царински орган поднесува електронски запис од товарниот лист ЦИМ во посебна царинска програма (Modtrs) и товарен лист ЦИМ (листови 1,2 и 3).

Електронскиот запис содржи:

- Број на товарен лист
- Број на вагон
- Вид на стоката (НХМ), упишува трговски назив на стоката.
- Тежина на стоката

Железницата за потребите на царинскиот надзор ги доставува само податоците за стоката, односно во електронскиот запис ја внесува само тежината на стоката, ако тежината на железничкиот товарен прибор или тежината на контеј-нерот е наведена посебно во товарниот лист ЦИМ.

**Примери: Ако во товарниот лист ЦИМ е наведено следното:**

| **31** Знаци/Вид амбалаза/Вид на стока | 32 **RID** | 33 Царински тарифен број | 34 Маса kg. |
|---|---|---|---|
| **ХАРТИЈА**<br>**КОНТЕЈНЕР** | | **4804** | **19.000**<br>**4.000** |
| | | | **23.000** |

Се пријавува само тежината на стоката 19.000 кг.

| **31** Знаци/Вид амбалаза/Вид на стока | 32 **RID** | 33 Царински тарифен број | 34 Маса kg. |
|---|---|---|---|
| **ЛИМОВИ** | | | **50.000** |
| **3 КОМ. САНКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ** | | **7208** | **1.200** |
| | | | **51.200** |

Се пријавува само тежината на стоката 50.000

Појдовниот царински орган, по регистрирањето на електронскиот запис во >>контролникот за ставање на стока во транзитна постапка (к-1)<< во сетот листови од т.л. ЦИМ во горниот дел од полето 35 запишува забелешка, >>ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ/БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА/ДАТУМ/БРОЈ НА ЦИ<< и истите ги заверува со округли печат.

**Пример:**

| |
|---|
| 35-Царински белешки<br>**К-1/ 128 / 21.01.2006 / 4021** |

Заверениот сет од товарен лист ЦИМ (листови 1,2 и 3) се враќаат на железницата.

Во случаеви кога пратката содржи стоки кои подлежат на плаќање акцизи (цигари, алкохол, нафта, бензин) железницата на појдовниот царински орган покрај оригиналниот сет од товарен лиист ЦИМ (листови 1,2 и 3) му поднесува една копија од листот бр.1

Појдовниот царински орган истата ја заверува и ја задржува во својата архива.

Овластениот железнички работник после добивањето на оверените сетови од товарните листови ЦИМ ( листови 1,2 и 3) од страна на појдовниот царински орган е должен во рублика 13 од товарниот лист ЦИМ во долниот дел стави печат со следната содржина:

| |
|---|
| МЖ<br>Станица ТАБАНОВЦИ<br>увозни царински формалности во<br>ст.______________________________ |

Овластениот железнички работник при поднесувањето на електронскиот запис на појдовниот царински орган наведува одредишен царински орган каде пратката треба да се упати за завршување на транзитната постапка (завршување на увозните, т.е. транзитните царински формалности).

Овластениот железнички работник при одредувањето на одредишниот царински орган постапува согласно упатството кое е дадено во рублика 13 од т.л. ЦИМ. Во случај кога во рублика 13 од т.л. ЦИМ нема упатство за одредишниот царински орган, го одредува одредишниот царински орган според рублика 15 од т.л. ЦИМ (приемач на стоката) и ја упатува стоката до одредишниот царински орган кој е најблиску до седиштето на фирмата на приемачот.

Секогаш треба да се внимава упатната станица назначена во рублика 30 од т.л. ЦИМ треба да биде после назначената царинска станица.

*Б-3-2-2 ПОСТАПУВАЊЕ СО СТОКАТА КОЈА ПОДЛЕЖИ НА ВЕТЕРИНА, ФИТОСАНИТАРНА И РАДИОЛОШКА КОНТРОЛА*

*а) При влез на стоката во ц.и.ж.с. Гевгелија-патнички промет,сите котроли ќе извршуваат на самата желзничка станица.*
*б) При влез на стоката во ц.и.ж.с. Волково и ц.и.ж.с. Табановци ќе се постапува на следниот начин:*
*- РАДИОЛОШКА КОНТРОЛА ќе се врши на самиот граничен премин.*
*- ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА КОНТРОЛА ќе се врши на самиот граничен премин ако стоката е во транзит за Република Грција. Ако стоката е наменета за увоз во Република Македонија, во ц.и.ж.с. Волково и ц.и.њ.с. Табановце ќе се извршат само царинските формалности а контролота ќе се врши во ц.и.жс. Трубарево За стоката нема да се одобри друго царински дозволено користење или употреба на стоката без одобрение од Ветеринарен или Фитосанитарен инспектор.*

**3. ПОСТАПУВАЊЕ СО СТОКА КОЈА ПОДЛЕЖИ НА ВЕТЕРИНАРНА, ФИТОСАНИТАРНА И РАДИОЛОШКА КОНТРОЛА**

а) При влез на стока во ГРАНИЧНА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ГЕВГЕЛИЈА сите контроли ќе се извршуваат во самата железничка станица.
б) При влез на стока во ГРАНИЧНИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ СТАНИЦИ ВОЛКОВО и ТАБАНОВЦИ ќе се постапува на следниот начин:
- РАДИОЛОШКА КОНТРОЛА ќе се врши на самиот граничен премин
- ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТЕТСКА КОНТРОЛА ќе се врши на самиот граничен премин ако стоката е во транзит за Република Грција. Ако стоката е наменета за увоз во Република Македонија ќе се извршат само царинските формалности а контролата ќе се врши во ЦАРИНСКО-ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ТРУБАРЕВО. За стоката нема да се одобри друго царински дозволено користење или употреба на стоката без одобрение од Ветеринарен или Фитосанитарен инспктор.

*Б-3-2-3 ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА*

4*. Транзитната постапка завршува во одредишниот царински орган. Одредишниот царински орган е царинска испостава каде стоката се става на увид.*
*Железницата, покрај електронскиот запис, на одредишниот царински орган му става на увид сетот од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3).*
*Одредишниот царински орган, по регистрирањето во >>КОНТРОЛНИКОТ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА (К-2)<<, во сетот од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3), во долниот дел од полето 35, под бројот кој го запишал појдовниот царински орган, запишува:*
*>>ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ/БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ<<*

*Пример:*

| 35-Царински белешки |
|---|
| **К-1/ 128 / 21.01.2006 / 4021** |
| **К-2/ 235 / 21.01.2006 / 1030** |

*Сите примероци од заверениот товарен лист-ЦИМ (листовите 1, 2 и 3) се враќаат на железницата.*
*Истите податоци од листовите 2 и 3 од ЦИМ-от, железницата ги внесува во својот информативен систем за евиденција на крајот на трнзитната постапка.*
*Со регистрирањето, товарниот лист-ЦИМ, претставува збирна декларација и стоката се наоѓа на привремено чување.*

**4. ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА**

Транзитната постапка завршува во одредишниот царински орган. Одредишен царински орган е царинска испостава каде што стоката се става на увид.

Со започнувањето на транзитната постапка, одговорниот железнички работник во **ГРАНИЧНАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА** е должен во долниот дел од полето 13 од товарниот лист-ЦИМ да стави печат со следната содржина:

Пример:

| МЖ |
|---|
| Станица ТАБАНОВЦИ |
| увозни царински формалности во |
| ст. ТРУБАРЕВО РАНЖИРНА |

Железницата е должна да ја достави стоката товарена во вагон до царинската испостава (одредишен царински орган) која е наведена во печатот ставен од страна на граничната железничка станица.

После пристигнувањето на вагонот во назначената железничка царинска станица, одговорните железнички работници се должни да извршат ТРАНСПОРТНО-КОМЕРЦИЈАЛЕН ПРЕГЛЕД на вагонот (царински, железнички и други пломби на вагонот).

Одговорниот царински работник е должен покрај задолжителниот електронски запис на одредишниот царински орган му го става на увид сетот од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3).

Одредишниот царински орган, по регистрирањето во >>КОНТРОЛНИКОТ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА (К-2)<< ВО СЕТОТ ОД ТОВАРНИОТ ЛИСТ-ЦИМ (листови 1,2 и 3), во долниот дел од полето 35, под бројот кој го запишал појдовниот царински орган, запишува:
>>ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ<<.

Пример:

| 35-Царински белешки |
|---|
| **K-1/ 128 / 21.01.2006 / 4021** |
| **K-2/ 235 / 21.01.2006 / 1030** |

Сите примероци од завереният товарен лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3) се враќаат на железницата.

Одделението за контрола на приходи во ЈП Македонски железници од листот 2 од товарниот лист ЦИМ, ги внесува во железничкиот информативен сис-тем податоците за почетокот и крајот на транзитната постапка. Раководителот на Одделението на контрола на приходи организира секојдневно внесување на комплетната транзитна постапка во железничкиот информативен систем.

Со регистрирањето, товарниот лист-ЦИМ, претставува збирна декларација и стоката се наоѓа на привремено чување. (член 60 од Царинскиот закон)

*Б-3-2-4 СПЕЦИФИЧНИ СЛУЧАИ ВО ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА*

*5. По исклучок, ако една композиција или група на вагони, транзитира со еден товарен лист-ЦИМ, заеднички за сите вагони, постапката е следната:*

*5.1 Железницата на појдовниот царински орган му поднесува:*

** Електронски запис (во "Модтрс") за секој вагон посебно*

** Оргинален сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3)*

** Во зависност од потребата, една или повеќе фотокопии од листот број 1 од ЦИМ-от (за акцизна стока, за транзит кој започнува и завршува надвор од царинското подрачје итн.)*

** Список на вагони (даден во прилог 1 кон ова упатство), во кој се предвидени полиња за заверка од појдовниот и одредишниот царински орган и кој преставува составен дел од товарниот лист-ЦИМ.*

*По извршените заверки на електронските записи (за секој вагон посебно), појдовниот царински орган во списокот, во полињата за заверка од појдовниот царински орган, ги внесува броевите на регистрација за секој вагон соодветно, а во сетот од товарниот лист-ЦИМ, во полето 35 става забелешка >>заверен список/ ознака на контролникот/број на ЦИ<< и оверува со округол печат на царинската испостава.*

*Вака заверниот сет од ЦИМ-от и заверениот список (а по потреба и заверените фотокопијии), се враќаат на железницата.*

*5.2 Железницата покрај електронскиот запис, на одредишниот царински орган му става на увид сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1, 2 и 3) заедно со списокот на вагоните.*

*Одредишниот царински орган, по извршената заверка на електронските записи, во соодветните полиња од списокот, предвидени за заверка кај одредишниот царински орган, ги запишува броевите на регистрација за секој вагон соодветно, а во полето 35 од ЦИМ-от, под забелешката која ја запишал појдовниот царински орган, запишува иста забелешка >>ЗАВЕРЕН СПИСОК/ ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ/БРОЈ НА ЦИ<<.*

*Сетот од товарниот лист-ЦИМ и списокот, заверени со округол печат на испоставата се враќаат на железницата.*

*Истите податоци од товарниот лист-ЦИМ и од списокот, железницата ги внесува во својот информативен систем за евиденција на крајот на транзитната постапка.*

## 5. СПЕЦИФИЧНИ СЛУЧАЕВИ ВО ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА

ЈП МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ на поединечни барања на корисниците на железничкиот превоз согласно чл. 33 од ПИМ дава одобренија за отпрема (извоз), пристигнување (увоз) и транзит на стока во вагони картирани со еден товарен лист ЦИМ, за комплетна железничка композиција (маршутен воз) или група на вагони. Согласно царинското упатство чл. 5, железницата за започнување на транзитната постапка на појдовниот царински орган му поднесува:

- Електронски запис (во "Модтрс") за секој вагон посебно
- Оригинал сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3)

Во зависност од потребата, една или повеќе фотокопии од листот број 1 од ЦИМ-от (за акцизна стока, за транзит кој започнува и завршува надвор од царинското подрачје итн.)

- Список на вагони (даден како прилог 1 кон ова упатство), во кој се предвидени полиња за заверка од појдовниот и одредишниот царински орган и кој претставува составен дел од товарниот лист-ЦИМ.

По извршените заверки на електронските записи (за секој вагон посебно), појдовниот царински орган во списокот, во полињата за заверка од појдовен царински орган, ги внесува броевите на регистрација за секој вагон посебно соодветно, а во товарниот лист-ЦИМ, во полето 35 става забелешка >>ЗАВЕРЕН СПИСОК/ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ/БРОЈ НА ЦИ<< и оверува со округол печат на царинската испостава.

Вака заверениот сет од ЦИМ-от и заверениот список (а по потреба и заверените фотокопии), се враќаат на железницата.

Овластениот железнички работник после добивањето на оверениот сет од товарниот лист ЦИМ и оверениот список на вагони од страна појдовниот царински орган, е должен во рубкика 13 од товарниот лист ЦИМ во долниот дел стави печат и постапи согласно чл. 2 од ова Упатство.

После пристигнувањето на комплетната железничка композиција (маршрутен воз) или група на вагони во царинската железничка станица каде се упатени од страна на граничната железничка станица за завршување на транзитната постапка, железницата на одредишниот царински орган му поднесува:

- Електронски запис на пристиганите вагони со стоката, на одредишниот царински орган му го става на увид сетот од товарниот лист -ЦИМ (листови 1,2 и 3), заедно со списокот на вагоните.

- Одредишниот царински орган, по извршената заверка на електронските записи, во соодветните полиња од списокот, предвидени за заверка кај одредишниот царински орган, ги запишува броевите на регистрација за секој вагон соодветно, а во полето 35 од ЦИМ-от, под забелешката која ја запишал појдовниот царински орган, запишува иста забелешка >>ЗАВЕРЕН СПИСОК/ОЗАНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ/БРОЈ НА ЦИ<<.

- Сетот од товарниот лист-ЦИМ и списокот, заверни со округол печат на испоставата се враќаат на железницата.

- Истите податоци од товарниот лист-ЦИМ и од списокот, железницата т.е. оделението на Контрола на приходи ги внесува во својот информативен систем согласно чл. 3 од ова упаство.

Со регистрирањето, товарниот лист-ЦИМ и списокот, преставува збирна декларација и стоката се наоѓа на привремено чување. (член 60 од Царинскиот Закон)

*Б-3-3 УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКАТА*

*6. Царинскиот орган, после дозволеното на друго царински дозволено користење или употреба стоката, на листовите 2 и 3 од ЦИМ-от (и на списокот на вагони-контејнери ако се работи за случај опишан во точка 5), запишува соодветна забелешка, во зависност од тоа каква постапка е дозволена.*

*Ако стоката увозно се царини, царинскиот орган става печат ОЦАРИНЕТО, запишува број на регистрација, датум и ги заверува со округли печат на испоставата и заверниот сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и3), му ги враќа на декларантот.*

*Пример:*

***ОЦАРИНЕТО***
***С 125/25.01.2006***

*Враќањето на листовите 2 и 3 од товарниот лист ЦИМ (и списокот на вагони-ако се работи за случај опишан во точка 5), кои ја содржат таа забелешка, од страна на декларантот, за железница значи дека за стоката се завршени царинските формалности и стоката може да се пропушти.*

## 7. УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКАТА

После завршувањето на трнзитната постапка во царинско-железничката станица, стоката се наоѓа на привремено чување (согласно чл.60 од Царинскиот закон). Железницата е должна на соодветен начин (согнано позитивните железнички прописи) да го изести приемачот на стоката или овластениот декларант наведен во товарниот лист ЦИМ, дека има пристигнато стока во ЦАРИНСКО-ЖЕЛЕЗНИЧКАТА СТАНИЦА која го известила, за да може да започне со царинските формалности за увозно царинење на стоката.

Времето кое е дозволено за завршување на царинските формалности во ЦАРИНСКО-ЖЕЛЗНИЧКАТА СТАНИЦА изнесува:

- За приемачот (увозникот) т.е. овластениот декларант 3 часа од моментот на известувањето за пристигнување на стоката, за припрема на цаинска документцаија.
- За царинската испостава каде е завршена транзитната постака (за увоз), за преглед на поднесената документација за увоз и за евентуален преглед на стоката 3 часа.

После завршувањето на дозволеното време за завршување на царинската постапка за увоз на стоката од вкупно 6 часа, приемачот (увозникот) т.е. овластениот декларант ќе биде задолжен со колска денгуба за евентуално пречеко-рување на дозволеното време за увозни царински формалности од 6 часа.

Царинскиот орган, после дозволувањето на друго царински дозволено користење или уптреба стоката, на листовите број 2 и 3 од ЦИМ-от (и на "СПИСОКОТ НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ"- ако се работи за случај опишан во точка 5), запишува соодветна забелешка, во зависност од тоа каква постапка е дозволена

Ако стоката увозно се царини, царинскиот орган става печат "ОЦАРИНЕТО", запишува број на регистрација, датум и ги заверува со округол печат на испоставата и заверниот сет од товарниот лист-ЦИМ (листовите 1,2 и 3), му ги враќа на декларантот.

Пример:

**ОЦАРИНЕТО**
**С 125 / 25.01.2006**

Враќајнето на листовите 2 и 3 од товарниот лист ЦИМ (и на "СПИСОКОТ НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ"-ако се работи за случај опишан во точка 5), кои што ја содржат таа забелешка, од страна на декларантот, за железницата значи дека за стоката се завршени царинските формалност и стоката може да се пропушти.

*7. Транзитна постапка започнува во појдовниот царински орган. Ако се работи за стоката наменета за овластен преимач, тогаш во полето 15 од товарниот лист ЦИМ (листови 1, 2 и 3) треба да биде наведено (уште при отпремувањето на соката) имателот на одобрението, како физички приемач на стоката, а во полето 13 треба да биде наведен >>ЕВИДЕНТЕН БРОЈ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПОЕДНОСТАВЕНА ПОСТАКА<<.*

*Пример за пополнување на поле 13 од ЦИМ-от:*
***(С40) (МК 1030 ЛЦУ 001),***

*каде што кратенките означуваат:*
***(С40) - поедностевена постапка овластен приемач***
***1030 - Царинска испостава***

***ЛЦУ - Локално цариење увоз***
***01 - број на одобрение***

*Железницата на појдовниот царински орган му поднесува електронски запис од ЦИМ-от (во "Модтрс") и сет од огиналениот товарен лист-ЦИМ (листови 1, 2 и 3), кој е пополнет како што е опишано погоре.*

*Појдовниот царински оган, по регистрирањето на електронскиот запис во >>КОНТРОЛНИКОТ ЗА ПОЕДНОСТАВЕНИ ПОСТАПКИ (К-8)<< во сетот листови од товарниот лист-ЦИМ, во горниот дел од полето 35, запишува забелешка:*
*>>ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ/БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА/ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ<<,*
*и истите ги заверува со округол печат:*

*Пример за пополнување на полето 35 од ЦИМ-от:*

| 35-Царински белешки |
|---|
| **К-8/ 25 / 10.01.2006 / 4021** |

*Заверниот сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3), се враќаат на железницата.*
*Железницата пратката (вагонот или вагоните) и листовите 2 и 3 од ЦИМ-от (и "СПИСОКОТ НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ" за случај опишан во точка 5), наменети за имателот на одобрението, во случај кога тоа не е железницата, ги доставува на местото кое е одредено во одобрението.*
*Имателот на одобрението којшто ја прима стоката од железницата, до железницата веднаш го потврдува приемот на стоката со упис на евидентниот број на одобрението за поедноставена постапка, како и број и година од сопствената евиденција, во полето 35 на листовите (1, 2 и 3) од ЦИМ-от (и на "СПИСОК НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ"- за случај опишан во точка 5).*

*Пример за пополнување на полето 35 од ЦИМ-от:*

| 35 Царински белешки |
|---|
| **К-8 / 25 10.01.2006 / 2006** |
| **МК 1030 ЛЦУ 001 / ЕБР / 126 / 2006** |

*Каде што:*

*Ебр - кратенка за евидентен запис од сопствената одобрена евиденција на имателот на одобрението*
*126 - реден број од евидентниот запис*
*2006 - година на евидентниот запис*

*За железницата, добивањето на вака заверните листови од ЦИМ-от, значи дека транзитната постапка е завршена и стоката може да ја предаде на приемачот.*
*Истите податоци од товарниот лист-ЦИМ, железницата ги внесува во својот информативен систем за евидентирање на крајот на транзитната постапка.*
*Имателот на одобрението, најдоцна наредниот работен ден, мора согласно одобрението за поедноставена постапка, на надзорниот царински орган да му достави фотокопија од листот 3 од ЦИМ-от со внесени податоци.*
*Понатаму постапката се спроведува согласно Упатството за поедноставени постаки А-6-1.*

## 7. ПОЕДНОСТАВЕНА ПОСТАПКА ПРИ УВОЗОТ (ОВЛАСТЕН ПРИЕМАЧ)-ЛОКАЛНО ЦАРИНЕЊЕ

Транзитната постапка започнува во појдовниот царински орган (ГРАНИЧНА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА). Ако се работи за стока наменета за овластен приемач, тогаш во полето 15 од товарниот лист-ЦИМ (листови 1,2 и 3) треба да биде наведен (уште при отпремување на стоката) имателот на одобрението, како физички приемач на стоката, а во полето 13 треба да биде наведен >>ЕВИДЕНТЕН БРОЈ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПОЕДНОСТАВЕНА ПОСТАКА<<.

Пример за пополнување на поле број 13 од ЦИМ-от:

**(С40) (МК 1030 ЛЦУ 001)**,
каде што кратенките означуваат:

(С40) - поедноставена постапка со овластен приемач
1030 - Царинска испостава
ЛЦУ - Локално царинење увоз
01 - број на одобрение

Железницата на појдовниот царински орган му поднесува електронски запис од ЦИМ-от (во "Модтрс") и сет од оргинален товарен лист-ЦИМ (листови 1, 2 и 3), кој е пополнет како што е опишано погоре.

Појдовниот царински орган, по регистрирањето на електронскиот запис во >>КОНТРОЛНИКОТ ЗА ПОЕДНОСТАВЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ДЕКЛАРИРАЊЕ-УВОЗНИ ПОСТАПКИ (К-8)<< во сетот листови од товарниот лист ЦИМ, во горниот дел од полето 35, запи-шува забелешка:
>>ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА / ДАТУМ / БРОЈ НА ЦИ<< и истите ги заверува со округол печат.

Пример за пополнување на полето 35 од ЦИМ-от:

| 35-Царински белешки |
|---|
| **К-8/ 25 / 10.01.2006 / 4021** |

Заверниот сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1, 2 и 3), се враќа на железница. Во случај да во ГАРНИЧНАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА се појави стока која според предходните информации е наменета за ОВЛСТЕН ПРИЕМАЧ, а во товарниот лист ЦИМ во рублика 13 НЕ Е ВПИШАН >>ЕВИДЕНТЕН БРОЈ НА ОДОБРЕНИТО ЗА ПОЕДНОСТАВЕНА ПОСТАПКА<< железницата во ГАРНИЧНАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА, на појдовниот царински орган му поднесува електронски запис за стоката со кој стоката се става во редовна транзитна постапка согласно чл. 3 од ова упство.

Железницата пратката (вагон или вагони) и сетот на товарниот лист ЦИМ (и "СПИСОК НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ" за случај опишан во точка 5) наменети за имателот на одобрението, во случај кога тоа не е железницата, ги доставува ДИРЕКНО НА ИСТОВАРНО МЕСТО КОЕ Е ОДОБРЕНО ВО ОДОБРЕНИЕТО.

Имателот на одбрението којшто ја прима стоката од железница ВЕДНАШ ГО ПОТВРДУВА ПРИЕМОТ НА СТОКАТА со упис на евидентниот број на одобренито за поедноставена постапка, како и број и година од сопствената одобрена евиденција, во полето 35 на листовите (1,2 и 3) од ЦИМ-от (и на "СПИСОКОТ НА ВАГОНИ-КОНТЕЈНЕРИ"- за случај опишан во точка 5).
Пример за пополнување на полето 35 од ЦИМ-от:

| 35 Царински белешки |
|---|
| **К-8 / 25 10.01.2006 / 2006**<br>**МК 1030 ЛЦУ 001 / ЕБР / 126 / 2006** |

Место за потпис и печат на имателот на одобрението.

Каде што:

**Е Бр** - кратенка за евидентен запис од сопствената одобрена евиденција на имателот на одобрението
**126** - реден број од евидентниот запис
**2006** - година на евидентниот запис.

За железницата, добивањето на вака заверените листови од ЦИМ-от, значи дека транзитната постапка е завршена и стоката може да ја предаде на приемачот.

Одделението за Контрола на приходи податоците од листот број 2 (и подато-ците од ЗАВЕРЕНИОТ "СПИСОК НА ВАГОНИ И КОНТЕЈНЕРИ за случај опишан во точка 5 од ова упаство) од товарнит лист ЦИМ ги внесува во железничкиот информативен систем за крајот на тензитната постака.

*Б-3-4 ТАНЗИТ КОЈШТО ЗАПОЧНУВА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ И ЗАВРШУВА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ (ИЛИ НАДВОР ОД ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ)*

*Б-3-4-1 ТРАНЗИТ КОЈШТО ЗАПОЧНУВА И ЗАВРШУВА ВО ЦАРИНСКОТО ПОДРАЧЈЕ*

*8. Во случај на транзитна постака која започнува и завршува во царинското подрачје, врз основа на товарниот лист-ЦИМ, за започнувањето на транзитот се зема во предвид точката 3, а за завршување на транзитот, точката 4 од ова упаство.*

**8. ТАНЗИТ КОЈШТО ЗАПОЧНУВА И ЗАВРШУВА ВО ЦАРИНСКО ПОДРАЧЈЕ**

Согласно точка 3 за започнување на трнзитната постапка и точка 4 од ова упаство за завршување на транзитната постапка, транзитната постапка која започнала во ГАРНИЧНАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА со поднесување електронски запис до појдовниот царински орган и завршила со поднесување на електронски запис од страна на ЦАРИНСКАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА до одредишниот царински орган каде стоката е упатена за завршување на царинските формалности (увоз), стоката се наоѓа на привремено чување.

Во времето кое е одредено за завршувањето на увозните или други со закон пропишани царински формалности, доколку приемачот на стоката или овлстениот декларант писмено се обрати до ЦАРИНСКАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА со барање на промена на местото за обавување на увозните или други со закон пропишани царински формалности (евентуално промена на УПАТНА СТАНИЦА) се постапува на следниот начин.

Приемачот (овластениот декларант) е должен да достави до ЦАРИНСКАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА нов товарен лист ЦИМ со кој согласно точка 11 од ова Упат-ство (РЕЕКСПЕДИЦИЈА) започнува нова транзитна постапка.

ЦАРИНСКАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА на царинската испоства која во овој случај е појдовен царински орган поднесува писмено "ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЕКСПЕДИЦИЈА" (прилог 2 кон ова упаство), електронски запис (во Модтрс) и сет на товарниот лист ЦИМ согласно точка 3 од ова упаство, а по пристигнувањето на стоката во ново одредената царинско желзничка станица, желзницата е должна со електронски запис да ја заврши транзитната постапка во одредишната царинска испостава согласно точка 4 од ова упаство.

Времето кое е дозволено за завршување на новата транзитна постака во ЦАРИНСКИ ЖЕЛЕЗНИЧКАТА СТАНИЦА изнесува:

- За примачот (увозникот) т.е. овалстениот декларант 2 часа од моментот на известувањето за пристигнување на стоката.
- За појдованата царинска испостава каде започнува новиот транзит 2 часа за заршувањето на формалностите околу новиот транзит.

После завршување на дозволеното време за завршување на новата транзитна постака, вкупно 4 саати, приемачот (увозникот) т.е. овалстениот декларант ќе биде задолжен со колска денгуба за вкупното прекорачно време од дозоленото.

*Б-3-4-2 ТАРНЗИТНА ПОСТАПКА ЗА СТОКА, ЗА КОЈА ПОСЛЕ ИЗВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ СЕ ПОДНЕСУВА ТРАНЗИТНА ДЕКЛАРАЦИЈА-СОГЛАСНО УПАСТВО ЗА ПОВТОРЕН ИЗВОЗ И УПАСТВО ЗА ИЗВОЗ*

*9. Транзитна постапка започнува во појдовниот царински орган каде што е извршено извозно царинење на стоката.*
*Железницата, покрај електронскиот запис (во Модтрс), на појдовниот царински орган орган му поднесува оргинален сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1, 2, 3 и 5).*
*Појдовниот царински орган, по регистрирањето на електронскиот запис во >>КОНТРОЛНИКОТ ЗА СТАВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА (К-1)<< (во Модтрс), во горниот дел од полето 35 од ЛИСТОТ БРОЈ 5 од ЦИМ-от, внесува: >>ОЗНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ/БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА/ДАТУМ/БРОЈ НА ЦИ<<, и истите ги заверува со округли печат, а во полто 36 го внесува бројот (или броевите-ако се работи за збирна стока) на регистрацијата од ЕЦД-то за повторен извоз (или извоз на акцизна стока).*

*Пример:*

| 35 Царински белешки | 35 Прилози на товарниот лист |
|---|---|
| K-1 / 153 / 22.01.2006 / 1010 | K-35 / 285 / 22.01.2006 / 1010 |

*Вака заверниот сет од товарниот лист-ЦИМ, се враќа на желзницата.*

*Ако се работи за пратка која се превезува во повеќе вагони со еден товарен лист-ЦИМ, во предвид треба да се земе точката 5 од ова упаство.*
*Транзитна постапка завршува во одредишниот царински орган.*
*Одредишниот царински орган е царинска испостава на подрачјето на кое се наоѓа железничката станица, каде што пратката го напушта царинското подрачје.*
*Железницата на одредишниот царински орган му поднесува електронски запис од товарниот лист-ЦИМ (во "Модтрс") и ги става на увид оргиналниот сет од товарниот лист ЦИМ (листови 1,2,3 и 5).*

*Одредишниот царински орган, по извршената контрола на стоката и по регистрирањето на електронски запис во >>КОНТРОЛНИКОТ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНАТА ПОСТАПКА (К-2)<<, во листот број 5 од ЦИМ-от, во полето 35, под бројот што го запишал појдовниот царински орган, запишува: >>ОЗАНАКА НА КОНТРОЛНИКОТ / БРОЈ НА РЕГИСТРАЦИЈА/ДАТУМ/БРОЈ НА ЦИ<<, ги заверува со округол печат на царинската испостава.*

*Пример:*

| 35 Царински белешки | 35 Прилози на товарниот лист |
|---|---|
| К-1 / 153 / 22.01.2006 / 1010<br>К-2 / 185 / 22.01.2006 / 1040 | К-35 / 285 / 22.01.2006 / 1010 |

*Сите листови од товарниот лист-ЦИМ, се враќаат на железницата. За железницата, добивањето на сетот од листовите од ЦИМ-от со вака заверниот лист број 5, заначи дека царинската постапка е завршена и дека пратката може да го напушти царинското подрачје.*
*Истите податоци од листот 5 од ЦИМ-от, железницата ги внесува во својот информативен систем за евидентирање на каројот од транзитната постака.*

**ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА ЗА СТОКА, ЗА КОЈА ПОСЛЕ ИЗВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ СЕ ПОДНЕСУВА ТРАНЗИТНА ДЕКЛАРАЦИЈА СОГЛАСНО УПАСТВОТО ЗА ПОВТОРЕН ИЗВОЗ И УПАСТВОТО ЗА ИЗВОЗ**

**9. ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ТРАНЗИТНА ПОСТАПКА**

Транзитната постапка започнува во појдовниот царински орган (ЦАРИНСКО-ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА) каде што е извршено извозно царинење на стоката.

Железницата, на појдовниот царински орган поднесува електронски запис (во "Модтрс") и оргинален сет од товарниот лист-ЦИМ (листови 1, 2, 3 и 5).

